У.бр.3217/2007

УПРАВНИОТ СУД, во стостав од судиите: Владимир Стојаноски - председател, Мустафа Шахини и Лидија Каначковиќ - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - советник, одлучувајќи по тужбата на АД.„Бутел“ од Скопје, поднесена преку полномошник Ѓорге Матевски, адвокат од Скопје, против решението на Комисијата за заштита од конкуренцијата бр.07-140/1 од 09.03.2007 година, за злоупотреба на доминантна позиција, на седницата одржана на ден 06.11.2008 година, донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ
Примено: 17.11.2008
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 07 | 434/1 | | |

Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на АД.„Бутел“ од Скопје, против решението бр.07-140/1 од 09.03.2007 година на Комисијата за заштита од конкуренцијата, СЕ ОТФРЛА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот поднесе тужба за управен спор до Врховниот суд на Република Македонија, заведена под У.бр.1024/2007, а презаведена во Управниот суд У.бр.3217/07, против решението на Комисијата за заштита од конкуренцијата бр.07-140/1 од 09.03.2007 година, кое го примил на 13.03.2007 година. Тужбата ја поднел на 13.04.2007 година со препарачано писмо RR R072436943 до тужениот орган, наместо Врховниот суд на Република Македонија, по истекот на рокот од 30 дена за поднесување на тужба. Тужениот орган тужбата на тужителот ја проследил до Врховниот суд на Република Македонија на ден 19.04.2007 година.

Согласно член 20 став 1 од Законот за управните спорови, тужба се поднесува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката што ја поднесува.

Судот најде дека тужбата е поднесена ненавремено.

Согласно член 26 став 1 точка 1 од наведниот Закон, Судот со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека тужбата е поднесена ненавремено (член 20 став 1).

Со оглед на наведеното, имајќи во предвид дека во конкретниот случај тужбата е ненавремена, согласно член 26 став 1 точка 1, а во врска со член 20 став 1 од Законот за управните спорови, следуваше да се одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управен суд на ден 06.11.2008 година под У.бр.3217/2007.

Записничар – Советник
Јован Трпевски с.р.

Претседател на советот – Судија
Владимир Стојаноски с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

ВК/